103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и 96/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22 и 199/23), во член 23 во точката 8-а) зборовите: „Министерството за култура" се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам".

Член 2

Во член 56 во ставот (7) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација" се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација".

Член 3

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË TATIMIT MBI VLERËN E SHTUAR

Neni 1

Në Ligjin e Tatimit mbi Vlerën e Shtuar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së" nr. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22 dhe 199/23), në nenin 23 në pikën 8-a) fjalët "Ministria e Kulturës", zëvendësohen me fjalët "Ministria e Kulturës dhe Turizmit".

Neni 2

Në nenin 56 në paragrafin (7) fjalët "Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës" zëvendësohen me fjalët "Ministria e Transformimit Digjital".

Neni 3

Në tekstin e tërë të Ligjit fjalët "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët "Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë të publimimit të tij në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**77.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6505/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Член 1

Во Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/24 и 224/24), во член 4 во точката 3 по зборовите: „патеки за возење," се додава зборот „сообраќајници,".

Во точката 4 зборовите: „ ,а кои се даваат или од телото за управување на воздухопловното пристаниште или од трето лице" се бришат.

Точката 73 се менува и гласи:

„Сериозен инцидент (Serious incident) е инцидент којштo вклучува околности кои укажуваат дека имало голема веројатност да се случи несреќа, а е поврзан со работата на воздухоплов кој, во случај на воздухоплов со екипаж, се случува во периодот кога кое било лице се качува во воздухопловот со намера да лета, па се до времето кога сите тие лица се симнале од воздухопловот или во случај на воздухоплов без екипаж, се случува во периодот кога воздухопловот е подготвен да се придвижи со намера да лета, па се до времето кога на крајот од летот застанува, а примарниот погонски систем се исклучува.".

Член 2

Во член 12 ставот (11) се менува и гласи:

„Претседателот на Управниот одбор има право на месечен надоместок во висина од 50% од просечната месечна нето-плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, а членовите на Управниот одбор имаат право на месечен надоместок во висина од 40% од просечната месечна нето-плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.".

Член 3

Во член 14 алинеја 6 зборот „именува" се заменува со зборот „избира".

Член 4

Во член 16 во ставот (5) зборот „именува" се заменува со зборот „избере".

Член 5

Во членот 17 став (4) зборот „именување" се заменува со зборовите: „избор на", а зборот „именува" се заменува со зборот „избире".

Член 6

Во член 18 ставот (2) се менува и гласи:

„Ако директорот на Агенцијата е разрешен согласно со ставот (1) на овој член или постапката за избор на директор не е завршена во рок од шест месеци во кој му било продолжено вршењето на функцијата на постојниот директор согласно со членот 17 став (4) од овој закон или во случај на смрт, Управниот одбор на Агенцијата назначува в.д. директор од редот на раководните вработени лица во Агенцијата кој ги исполнува условите од членот 16 став (4) од овој закон, сѐ додека не се избере директор, но не подолго од два месеца.”.

Член 7

Во член 22 став (3) зборовите: „25 февруари” се заменуваат со зборовите: „10 март”.

Член 8

Во член 25 став (5) по зборот „Македонија” се додаваат зборовите: „во последните три месеци.”

Член 9

Во член 30 став (4) по зборот „Македонија” се додаваат зборовите: „во последните три месеци.”

Член 10

Во член 60 став (5) по зборот „Македонија” се додаваат зборовите: „во последните три месеци.”

Член 11

Членот 67 се брише.

Член 12

Во членот 73 став (5) по зборот „препознавање” се додаваат зборовите: „на опасности”.

Член 13

Насловот на Петтиот дел се менува и гласи:
„АЕРОДРОМИ И ТЕРЕНИ”.

Член 14

Членот 75 се менува и гласи:

„(1) Аеродром може да се користи за воздушен сообраќај само ако ги исполнува условите за безбедност на воздушниот сообраќај пропишани со овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон.

(2) За вонаеродромско полетување и слетување може да се користи терен кој ги исполнува условите за безбедност на воздушниот сообраќај пропишани со овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон.”.

Член 15

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Аеродромите можат да бидат цивилни, воени и мешовити (цивилно-воени).

(2) Аеродромите според намената се делат на:

1) аеродроми првенствено наменети за комерцијален воздушен транспорт - воздухопловни пристаништа;

2) аеродроми првенствено наменети за некомерцијални операции - спортски аеродроми и

3) аеродроми првенствено наменети за специјализирани операции - леталишта.

(3) Според местото на слетување, аеродромите можат да бидат аеродроми на копно, на вода – хидродроми, на подигнат објект и друго.

(4) Според достапноста, аеродромите се делат на аеродроми отворени за јавно користење и аеродроми за сопствени потреби.”.

Член 16

Во член 84 во ставот (3) по зборот „следува” се додава зборот „месечен”, а по зборот „Македонија” се додаваат зборовите: „во претходната година.”

Член 17

Во член 85 став (1) зборовите: „ ,и истите се објавуваат во Зборникот на воздухопловни информации” се бришат, а по зборот „користење” се додаваат зборовите: „и кој е одобрен за повеќекратно користење”.

Член 18

Во член 88 во ставот (3) зборовите: „изградба и обележување” се заменуваат со зборовите: „изградба, обележување и евиденција”.

Член 19

Во член 97 став (2) по зборовите: „Министерството за внатрешни работи,”, се додаваат зборовите: „Министерството за здравство,”.

Во ставот 4 по зборот „Македонија” се додаваат зборовите: „во последните три месеци”.

Член 20

Во член 141 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Со цел утврдување на регионот за потрага и спасување, уредите, опремата и персоналот кои треба да се достапни во потрагата и спасувањето, обуката и квалификациите на персоналот за потрага и спасување и преглед на склучените договори за обезбедување на уреди, средства или помош во активностите за потрага и спасување, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Агенцијата донесува Национален план за потрага и спасување за период од пет години.”.

Член 21

Во член 159 став (1) точката 8) се брише.

Во точката 10) по зборот „препознавање” се додаваат зборовите: „на опасности”.

Во ставот (2) зборовите: „од 500” се заменува со зборовите: „до 500”.

Член 22

Во член 160 во ставот (2) зборовите: „250 од 500” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500”.

Член 23

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, основано за вршење на услугите на воздухопловна навигација согласно со Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 220/19), продолжува да работи како Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, согласно со одредбите од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија” број 14/24 и 224/24) и одредбите од овој закон.

Член 24

Националниот план за потрага и спасување од членот 20 од овој закон Владата на Република Северна Македонија ќе го донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.